# Прилог III

## УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

**Содржина:**

III.1 Управување и контрола ........ 2
III.1.1 Управител ........ 2
III.1.2 Раководител на производство-комерцијалист ........ 3
III.1.3 Спроведување на мерките за намалување на емисии ........ 3
III.2 Организациона шема ........ 0

## III.1 Управување и контрола

Каменоломот “ШАНКОМФИКС” работи континуирано во една смена (6 работни дена неделно) со вкупно 4 вработени лица. Во текот на годината можни се одстапувања на оваа динамика во зависност од потребите на пазарот и цената на Берзата на готовите производи.

Управителот раководи со целокупните активности во компанијата (комерцијалниот сектор и производството) и воедно е координатор за животна средина и одговорен за прашањата на барањето за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето на “ШАНКОМФИКС”. Управителот Ќатип Џелили е именуван за одговорен за интегрираното спречување и контрола на загадувањето. Комерцијалистот (Шевал Џелили) преставуваа член на тимот.

### III.1.1 Управител

Според систематизацијата, на чело на компанијата е Управител чии надлежности и одговорности се прецизно дефинирани.

Управителот е одговорен за сите активности во фирмата. Тој е одговорен за спроведување на бизнис планот на фирмата, за исполнување на обврските кои произлегуваат од работењето на фирмата кон државата и деловните партнери, за обезбедување на материјални ресурси, се грижи за човечките ресурси, за односите со локалната заедница и ја застапува фирмата. Управителот во чија одговорност се прашањата во врска со животната средина има неколку соработници меѓу кои е одговорниот за производтсво- комерцијалист.

## III.1.2 Раководител на производство-комерцијалист

Раководителот на производство е одговорен за управувањето со процесот на производство како и за квалитетот на производите. Во таа смисла тој е одговорен за планирањето на производството, квалитетот на производите контрола и третман на емисиите, за безбедноста на персоналот и за транспортот. Во негова надлежност е истражувањето и развојот во смисла на испитување и воведување на нови технологии, нови машини и сл.

Раководителот е одговорен за одржувањето на целата инсталација. Во таа смисла тој е одговорен за планирањето на одржувањето вклучувајќи ги и системите за намалување, контрола и третман на емисиите и за одржување на транспортните средства. Во негова надлежност е истражувањето и развојот во смисла на испитување и воведување на нови технологии, нови машини и сл.

## III.1.3 Спроведување на мерките за намалување на емисии

Целосната одговорност за работата и спроведување на мерките за намалување на емисиите е на управителот. Оваа одговорност е делегирана на персоналот одговорен за производство, одржување и развој.

Операторите се обучени за работа со опремата која им е доверена. Дадени им се инструкции за секоја забележана неправилност при вообичаени или невообичаени услови на работа да го известат раководителот на производство.

Раководителот на производтсвото  е директно одговорна за правилно спроведување на мерките за намалување на емисиите.

Сите вработени се запознаени со постапката за спречување или намалување на последиците од непредвидени ситуации (поплава, земјотрес, пожар, гром и сл.) и се обучени за тоа.

Менаџерот за животна средина (раководителот на производството-комерцијалист) е одговорен за мониторинг на спроведување на мерките за намалување на емисиите за да се овозможи коректна и оптимална работа.

Органограмот на структурата на организацијата е даден во **Поглавје III.2**

**III.2 Организациона шема**

